Врз основа на член 71 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид на седницата одржана на ден _________.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Член 1

Да се одржи редовна Годишна седница на Собрание на акционери на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид на ден ________.2016 година со почеток во 11,00 часот во хотел ,,Палас,,-Охрид.

Член 2

Собранието ќе работи со следниот ДНЕВЕН РЕД:

1. Избор на председавач и работни тела.

2. Усвојување на Записникот од седницата на Собрание на акционери одржана на ден 28.05.2015 година.

3. Разгледување и усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2015 година, на Извештајот од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС,,-Скопје, на Извештајот за остварените резултати од работењето на друштвото за 2015 година и одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото и одлучување по истите.

- Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2015 година;

- Предлог одлука за усвојување на Извештајот од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС,, -Скопје за 2015 година;

- Предлог одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2015 година;

- Предлог одлука за одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото за 2015 година.

4. Именување на Ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка за 2016 година.

5. Донесување на Одлука за адаптација на хотел ,,Палас,,.

- Разгледување и усвојување на Преддоговор со изведувачот за адаптација на хотел ,,Палас,,

6. Донесување на Одлука на кредитно задолжување и за обезбедување со недвижен имот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Претседател,

Колески Кире

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1.Се усвојува Извештајот за работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и годишната пресметка за 2015 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот за работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и годишната пресметка за 2015 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС,, ДОО-Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2015 година и Извештајот за работење на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2015 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е Ревизорскиот извештај на ,,МУР СТИВЕНС,, ДОО-Скопје за ревизијата на годишната пресметка и Извештајот за работење на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2015 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______2016 година ја донесе следната

ОДЛУКА

1. Се усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2015 година.

2. Во друштвото за 2015 година се остварени следните финансиски резултати од работењето:

| | |
|---|---|
| - вкупни приходи | 47.279.733,00 денари |
| - вкупно расходи | 50.273.898,00 денари |
| - нето загуба | 2.994.165,00 денари |

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______ 2016 година ја донесе следната

ОДЛУКА

1. Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2015 година:

- Колески Кире
- Чадикоски Ратко
- Петрушев Ѓорѓи
- Настески Мате
- Рахман Џемал

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ________2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. За ревизија на Годишната пресметка и Годишниот извештај за работата на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2016 година се избира ревизорска куќа _________________ за цена ____________плус ДДВ.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ________2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се прифаќа Одлуката на Одбор на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за реконструкција и адаптација на хотел ,,Палас,, Охрид по принципот изведба ,,клуч на рака,, со цел истиот да се модернизира до ниво на хотел од 5 ѕвезди.

2. Се одобруваат преземените активности на Одборот на директори околу прибирање понуди и избор за најповолен понудувач за реконструкцијата и адаптацијата на хотелот ,,Палас,, фирмата ,,Секоинжинеринг,,ДООЕЛ-Софија за цена од 6.899.322,00 ЕУР плус ДДВ.

3. Се прифаќа Преддоговорот бр. 03-520 од 06.05.2016 година склучен со изведувачот ,,Секоинжинеринг,,ДООЕЛ-Софија за изведба на реконструкцијата и адаптацијата на хотелот ,,Палас,,.

4. Се овластува Одборот на директори по реализирање на условите предвидени со Преддоговорот од точка 3 да ги реализира активностите околу склучување на главен Договор со изведувачот и околу реализацијата на постапката за реконструкција и адаптација на хотелот ,,Палас,,-Охрид.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ________2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Да се задолжи АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид со кредит во висина од 7.500.000,00 ЕУР за реконструкција и адаптација на хотелот ,,Палас,, по принципот изведба ,,клуч на рака,, со рок на враќање од 10 години при што да се прифати понуда од банка/ки која ќе одобри најдобри условi на кредитирање.

2. За обезбедување на побарувањето на банката, како гаранција АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид да понуди ставање под хипотека на недвижен имот сопственост на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид согласно условите кои ќе бидат договорени со банката.

3. Се овластува Одборот на директори да ги преземе сите потребни активности и да ги донесе сите потребни одлуки заради кредитно задолжување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, заложување на недвижниот имот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во корист на банката/ките кои ќе ги одобрат кредитните средства за инвестиционата активност околу реконструкција и адаптација на хотелот ,,Палас,,.

4. Се прифаќа и одобрува како голема зделка кредитното задолжување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за реконструкција и адаптација на хотел ,,Палас,, како и склучување договори за залог-хипотека врз недвижен имот сопственост на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за обезбедување на побарувањето на давателот на кредит, како што е наведено со оваа Одлука.

5. Оваа Одлука да се презентира пред сите надлежни органи каде има потреба: банки, нотар, Агенција за катастар за недвижности и други органи како доказ за дадена согласност и одобрување од страна на Собранието на акционери на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, на големи зделки за кредитно задолжување и заложување на недвижниот имот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид кои активности ќе ги преземе Одборот на на друштвото заради

спроведување на оваа Одлука и реализација на Проектот за реконструкција и адаптација на хотелот ,,Палас,, во Охрид.

6. Се задолжува Одборот на директори да ја реализира ова Одлука.

7. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач,